РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
ЦЕНТАР ЗА КУЛТУРА - БИТОЛА
бр. 03-333/7
22.06. 2026 год.
Битола

Врз основа на член 77 и член 77-з став (1) од Законот за културата („Службен весник на РМ" бр. 66/03, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), член 12 став (2) алинеја 7 од Статутот на НУ Центар за култура – Битола бр.01-225/2 од 09.04.2015 година, бр.02-47/3 од 29.01.2018 година, бр.02-177/3 од 14.03.2019 година и Одлука за изменување и дополнување на Статутот на НУ Центар за култура – Битола бр. 02-315/3 од 11.06.2025 година, Годишниот план за вработување за 2026 година бр. 01-470/1 од 26.08.2025 година, како и Предлогот кандидат за вработување бр. 03-333/6 од 18.06.2026 година по Јавен оглас бр. 2/2026, директорот на НУ Центар за култура - Битола донесе:

ОДЛУКА

за избор за вработување на еден извршител по јавен оглас

1. Појавниот оглас бр. 2/2026 објавен на 07.05.2026 година во дневните весници Нова Македонија, Слободен печат и Коха, за вработување на еден извршител, давател на јавни услуги во Националната установа Центар за култура - Битола се избира:
   Кандидатот Лилјана Христовски, за работното место КУЛ 03 04 Г02 005 Стручен соработник за визуелни уметности, дизајн и архитектура, Даватели на јавни услуги.
2. Именуваниот ќе биде вработен на неопределено време на работното место од став 1 на оваа Одлука, по конечноста на Одлуката.
3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Образложение

На ден 07.05.2026 година во дневните весници Нова Македонија, Слободен печат и Коха, на интернет страната на Центарот за вработување - Битола, како и на интернет страницата на Центарот за култура - Битола објавен е оглас бр.2/2026 за вработување на еден извршител – даватели на јавни услуги, на работното место КУЛ 03 04 Г02 005 Стручен соработник за визуелни уметности, дизајн и архитектура во Националната установа Центар за култура - Битола. Со Решение бр. 40-5587/2 од 26.05.2026 година од страна на Министерството за култура и туризам, формирана е Комисија за постапка за вработување. Комисијата спроведе административна селекција за проверка на веродостојност на доставените податоци и докази и со пријавените кандидати кои ги исполнуваа општите и посебните услови по јавниот оглас спроведе интервју. Комисијата состави Записник од административната селекција за проверка на веродостојност на доставените податоци и докази бр.03-333/3 од 02.06.2026 и бр.03-333/4 од

Scanned with CamScanner

16.06.2026 година како и Записник од интервјуто бр.03-333/5 од 16.06.2026 година.

По спроведената проверка на веродостојноста на доказите и интервјуто и извршеното бодирање, Комисијата изготви Конечна ранг листа на кандидати од двете фази и Предлог кандидат за вработување со бр. 03-333/6 од 18.06.2026 година по Јавен оглас бр. 2/2026. Врз основа на Предлогот за вработување на кандидат, директорот на Националната установа Центар за култура - Битола, донесе одлука како во диспозитивот.

Правна поука: Против оваа Одлука незадоволниот кандидат може да поднесе жалба до Управниот одбор на НУ Центар за култура - Битола во рок од 8 (осум) дена од денот на нејзиното објавување на веб страницата и огласната табла на НУ Центар за култура - Битола.

Доставено до:
Пријавените кандидати и избраниот (5)
Архива на Центарот (I)
Огласна табла (1)

Национална установа Центар за култура – Битола

Директор,

Сашо Илковски

Scanned with CamScanner